Здружение на општини Заедница на единиците на
локалната самоуправа на Република Северна Македонија
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes
lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС - BNJVL
Бр.-Nr. 0307-160
16-02 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Помеѓу:**

**Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС**

**и**

**Здружение на граѓани за личен развој, едукација и психолошка помош и поддршка, Гласот на тишината, Скопје**

(Во понатамошниот текст, „страните потписнички")

## Општи одредби

### Член 1

Меморандумот за соработка (во понатамошниот текст „Меморандум") има цел воспоставување на релации кои би придонеле за подигнување на општествената свест за децата со потешкотии во развојот и за врсничкото насилство (булингот) во локалните средини.

## Област на соработка

### Член 2

Страните потписнички, согласно своите можности, ќе се стремат да остварат соработка пред се за размена на информации и информирање на единиците на локалната самоуправа за можностите за едукација за промена на свеста на локалната заедница спрема децата со потешкотии во развојот, како и за препознавање на врсничкото насилство (булингот), пред се во образовните институции, а со цел дејствување во насока на подобрување на квалитетот на животот на оваа група на граѓани во рамките на единиците на локалната самоуправа.

За сите останати активности кои би произлегле помеѓу страните потписнички врз основа на овој Меморандум, страните потписнички поаѓајќи од своите интерни правила и интереси, можат да склучат посебни договори за меѓусебна соработка.

### Член 3

Соработката која би произлегла по потпишувањето на Меморандум, за спроведување на посебни активности на втората страна потписничка, со поединечни единици на локалната самоуправа, членка на првата страна потписничка, не предизвикува правни последици по првата страна потписничка на овој Меморандум.

Меѓусебна соработка помеѓу втората страна потписничка на овој Меморандум и посебната едниница за локална самоуправа ќе се извршува врз основа на нивните взаемни интереси и за истите тие можат да склучуваат посебни договори.

**Финансиски одредби**
**Член 4**

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички.

Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен договор.

**Дополнувања и прекин**

**Член 5**

Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет единствено со анекс на барање на страните потписнички.

Секоја од страните потписнички може да го раскине овој Меморандум со писмено известување до другата страна потписничка, 30 дена пред настапување на прекинот на важењето на Меморандумот.

**Важност на Меморандумот**
**Член 6**

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето.

**Член 7**

Овој Меморандум е потпишан во 2 (два) примероци, по 1 (еден) за секоја страна потписничка.

Страни потписнички:

| | |
|---|---|
| **Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Р. С. Македонија – ЗЕЛС** | **Здружение на граѓани за личен развој, едукација и психолчошка помош и поддршка Гласот на тишината, Скопје** |
| **Претседател ,** | **Претседател,** |
| **Орце Ѓорѓиевски** | **Амела Мемиш Апостоловска** |